

ВРАБОТЕНА РОМКА – СИЛНА РОМКА

*Мониторинг на*

# ВРАБОТУВАЊЕТО РОМКИ ВО ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2021 ГОДИНА

Издание на:
ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација
и истражување, Скопје, 2022 година

Уредничка:
Оливера Стојковска Ивановска

Лектура:
Виолета Танчева-Златева

Дизајн и графичко уредување:
Марија Смилевска

Овој материјал е финансиран од шведската фондација „Квина тил Квина“. „Квина тил Квина“ не мора да се согласува со ставовите искажани во него. Неговата содржина е единствена одговорност на авторот.

# ВОВЕД

Родовата рамноправност и унапредувањето на положбата на жените во општеството претставува едно од основните начела на демократијата и општествениот поредок. Меѓутоа, според Меѓународната организација на трудот, жените во светот се недоволно вклучени во секој домен од социо-политичкиот живот, не се доволно застапени во парламентите и се далеку од сите нивоа на одлучување.

Факторите што го попречуваат учеството на жените во јавниот и политичкиот живот се различни и зависат од социо-економскиот развиток, културата, географската положба и политичкиот систем. Ромките се соочуваат со „двојна дискриминација“ – од мнозинското население, и од самите ромски заедници, врз основа на етничка припадност, пол и род, што ги турка на маргините на општествено-економскиот систем.

Водејќи се од заложбите што произлегуваат од декларацијата од Познан за земјите од Западен Балкан за интеграција на Роми, во рамките на Берлинскиот процес на проширување на ЕУ, како и од заклучоците од средбата на министрите за инклузија на Роми во 2020 година, Република Северна Македонија пристапи кон изработка на нова Стратегија за инклузија на Ромите 2022 – 2030 според насоките дадени во Стратешката рамка на ЕУ за Ромите. Изминатата година се работеше на изготвување на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022 – 2030 во Република Северна Македонија, која е дел од јавните политики на нашата земја за изедначување на степенот на вклученост и интеграција на ромската заедница со сите етнички заедници.

Во самата Стратегија, во делот на вработување, во рамките на специфична цел 1 – Зголемување на вработеноста на Ромите во јавната и државната администрација, предвидени се мерки што се во насока на зголемување на застапеноста на Ромите во јавната администрација, и тоа – создавање програма за олеснување на пристапот за вработување во администрација, која треба да обезбеди поддршка во делот на полагање на административниот државен испит и стекнување на работно искуство, унапредување на постоечката методологија за планирање на вработување во јавниот сектор, особено во делот на забрзување на вработувањето на етничките заедници кои се помалку од 20 %, со цел да се постигне нивото на правична застапеност на заедниците. Последната мерка опфаќа засилен мониторинг и вклучување на институцијата Народен правобранител во следење на сите процеси во делот на вработување на лица од етничките заедници кои се помалку од 20 %, со цел да се намалат злоупотребите во декларирањето на етничката припадност.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Краткиот осврт има за цел да даде преглед на актуелната состојба на вработувањето на Ромките во државните институции во Република Северна Македонија. Документот е резултат на мониторинг активностите на Неформалната група за застапување на правата на Ромките во рамките на проектот „Вработена Ромка = независна Ромка", поддржан од Фондацијата „Квина тил Квина", кои беа спроведени во текот на 2022 година. Оваа Неформална група, која е формирана во 2019 година со техничка поддршка на ХЕРА, се застапува за еднакви можности при вработување на Ромките во Република Северна Македонија. Анализата на податоците за вработување на Ромките е направена од собраните информации од јавен карактер од државните институции за 2021 година. Податоците се собрани од 166 државни институции. Како критериум при изборот на државни институции во кои се спроведе мониторингот на вработување Ромки е земен степенот на релевантност на институцијата во однос на создавањето политики за вработување и социјална заштита на Ромките на национално и на локално ниво. Па така, мониторингот беше насочен кон следните институции: (1) министерствата, (2) Владата на Република Северна Македонија, (3) независни органи, (4) самостојни државни органи, (5) единици на локалната самоуправа, (6) центри за социјална работа и (7) центри за вработување. Наодите од спроведената анализа ќе се користат за застапување заради унапредување на националните и локалните програми и мерки за вработување на Ромки во Република Северна Македонија.

# Министерства

Иако неколку години вработувањето на Ромите важеше за најголемо во министерствата во споредба со другите државни институции, во 2021 година намалено е за 33 % генерално, а кај Ромките е намалено за дури 37 % во споредба со 2020 година. Од вкупно 12.810 вработени во 16 министерства[1], 146 се Роми, односно 1,13 %. Од вкупниот број вработени Роми, 32 % се Ромки. Во 16 министерства има вкупно 7 Роми на раководни позиции, од кои 4 се Ромки, и тоа во Министерство за труд и социјална политика (3), Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (1). Најголем број Ромки се вработени во Бирото за јавна безбедност при Министерството за внатрешни работи (14) и во Министерството за труд и социјална политика (6), од вкупно 247 вработени, како и во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (6), од вкупно 1.057 вработени.

**Број на вработени Ромки во министерствата во 2021 година**




1 Не беа доставени податоци од Министерството за култура, Министерството за локална самоуправа, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии. Податоците за нив се земени од 2020 година.

Во четири од вкупно 16 министерства засега нема вработено Ромки, и тоа во: Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за здравство, Министерство за култура и Министерство за локална самоуправа.

Во споредба со податоците од 2019 и од 2020 година, генерално има намалување на бројот на вработени во министерствата за 5,5 %, додека бројот на вработени Ромки се намалил за 37 % во 2021 година. Бројот на вработени Ромки во министерствата во 2019 година изнесувал 77, во 2020 година изнесувал 73, додека во 2021 година бројот на вработени Ромки во министерствата е речиси преполовен и изнесува 46. Вкупно 12 од 46 вработени Ромки во министерствата се со висока стручна спрема.

**Број на вработени Ромки во министерствата споредбено од 2019 до 2021 година**



# Единици на локална самоуправа

Од податоците добиени од 85 % од единиците на локалната самоуправа на територијата на Република Северна Македонија (69 од вкупно 81), во 17 единици на локалната самоуправа има вработени Роми.[2] Од година во година се забележува тенденција на зголемување на бројот на вработени во единиците на локалните самоуправи, а исто така, и на бројот на вработени Роми, кој е делумно зголемен. Од вкупно 5.626 вработени лица во нив, само 1,08 % се Роми. Ромки се вработени во само 12 од единиците на локалната самоуправа, и тоа најмногу во Град Скопје (7), Тетово (6), Општините Битола, Куманово, Шуто Оризари (по 2), и Виница, Гостивар, Градско, Дебар, Делчево, Кичево и Крива Паланка (по 1). Во ниту една единица на локална самоуправа нема вработено Роми на раководни позиции. Од вкупно 26 Ромки, само 3 се вработени со висока стручна спрема. Во Општина Шуто Оризари, од вкупно 18 вработени лица, само 7 се Роми, односно 39 %. Од нив, само 2 се Ромки, или 11 %. Иако е најголема општина со ромско население во државата, сепак, на раководни работни места во општината нема поставено ниту еден припадник на ромската заедница.

Број на вработени Роми и Ромки во единиците на локалните самоуправи во 2021 година




2 Добиени податоци од 69 единици на локалната самоуправа (85 %).

Споредено со податоците од 2019 и 2020 година, во рамките на единиците на локалните самоуправи се бележи пораст на бројот на вработени генерално, но и на бројот на вработени Роми. Вкупниот број на вработени е зголемен за 30 % во 2021 (5.626) во споредба со 2019 година (3928). Додека пак, работните места за Роми се зголемиле за 49 % во 2021 (61) споредено со 2019 година (41).

**Вкупен број на вработени Ромки во единиците на локалните самоуправи споредбено од 2019 до 2021 година**




# Влада на Република Северна Македонија

Од вкупно 731 вработени во државните институции на Владата на Република Северна Македонија, 22 лица се Роми, односно 3 %.[3] Во споредба со другите категории на државни институции, во институциите на Владата на РСМ има најголем процент вработени Роми (3 %). Најголемиот дел од нив се вработени во Генералниот секретаријат на Владата (17). Во однос на родовата застапеност во оваа институција, Ромките се застапени со 27 %, наспроти 73 % Роми. Секретаријатот за европски прашања и Секретаријатот за законодавство немаат вработено ниту една Ромка. Дополнително, ниту една од вработените Ромки во државните институции на Владата на РСМ не е на раководна позиција.

3 Добиените податоци се однесуваат на Генералниот секретаријат на Владата на РСМ, Секретаријатот за законодавство и Секретаријатот за европски прашања. Службата за општи и заеднички работи не одговори на барањето. Земени се податоците од 2020 година.

# Независни органи

Во спроведениот мониторинг на стручните служби на (1) Претседателот на Република Северна Македонија, (2) Стручната служба на Собранието на РСМ и (3) Народниот правобранител, не е забележана никаква промена во однос на податоците од минатата година. Имено, од вкупно 405 вработени лица само 8 припаѓаат на ромската етничка заедница, односно 1,9 %. Со вкупно 265 вработени во Стручната служба на Собранието на РСМ, ниту една Ромка не е вработена ниту на раководна ниту на нераководна позиција. Во однос на родовата застапеност, и мажите и жените се еднакво застапени со по 4 вработени. Во институцијата Народен правобранител вработена е една Ромка на раководна позиција.

# Самостојни државни органи

Застапеноста на Ромите во самостојните државни органи[4] е најниска во споредба со другите државни институции кои беа предмет на мониторинг на Неформалната група за застапување. Од вкупно 774 вработени лица во самостојните државни органи, само 6 лица припаѓаат на ромската заедница, односно 0,7 %. За разлика од другите државни институции, во однос на родовата застапеност, бројот на вработени Ромки е поголем (4) од бројот на вработени Роми (2). Една Ромка е вработена на раководна позиција во Агенцијата за вработување. Во Бирото за развој на образованието и во Агенцијата за поддршка на претприемништвото нема вработено ниту една Ромка.

4 Податоците се добиени од Агенцијата за администрација, Агенцијата за остварување на правата на заедниците, Агенцијата за поддршка на претприемништвото, Агенцијата за вработување, Бирото за развој на образованието и Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците.

# Центри за социјална работа

По спроведениот мониторинг на центрите за социјална работа, во 12 од вкупно 28 центри за социјална работа низ државата има вработено Роми.[5] Процентуално гледано, центрите за социјална работа вработуваат најголем број Роми во споредба со другите државни институции[6], односно од вкупно 1.168 вработени лица, 31 се припадници на ромската заедница, или 2,65 %. Во однос на родовата застапеност, 41,9 % од вработените Роми се жени, наспроти 58,1 % мажи. Од вкупно 56 раководни работни места во сите центри за социјална работа, нема ниту еден Ром или Ромка на раководна позиција.

Во споредба со податоците од спроведениот мониторинг во 2019 година, се забележува дека бројот на центри во кои има вработено Роми се намалил од 14 во 2019 година на 12 во 2020 година, односно бројот на вработени во центрите за социјална работа се намалил за 8,8 %.

Број на вработени Роми и Ромки во Центрите за социјална работа




5 Податоците се добиени од сите 28 центри за социјална работа (100 %).

6 Процентуално, центрите за социјална работата (2,65 %) се втори по вработеност на Роми по институциите на Владата на РСМ (3,12 %).

# Центри за вработување

Од вкупно 440 вработени во 30 центри за вработување низ државата, има само двајца вработени Роми. Само центрите за вработување во Гостивар и Неготино имаат вработено Роми, што претставува 0,45 % од вкупниот број вработени. Во споредба со другите категории на државни институции, во центрите за вработување има најмал процент на вработување Роми. Ниту една Ромка не е вработена во центрите за вработување во Република Северна Македонија, и нема Роми поставени на раководни позиции.

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Од истражувањето што ХЕРА го спроведе во 2021 година, се дојде до заклучок дека вработувањето на Ромките во државните институции кај нас е сè уште недоволно и дека постојат национални институции кои немаат ниту една вработена Ромка. Евидентно е намалувањето од 37 % на бројот на вработени Ромки во министерствата, во кои во 2019 година имало 77, а во 2021 година само 46 Ромки. Најголем број вработени Ромки (14) во министерствата се бележи во Бирото за јавна безбедност при Министерството за внатрешни работи. Што се однесува, пак, до единиците на локалната самоуправа, најголем број вработени Ромки бележат Град Скопје (7) и Општина Тетово (6), но во ниту една единица на локална самоуправа нема вработено Роми на раководни позиции. Иако се бележи зголемување од 73 % на бројот на вработени Ромки во единиците на локалните самоуправи од 2019 до 2021 година, сепак, бројот не е доволен за да се забележи соодветна и правична застапеност на помалите заедници во институциите. Во институциите на Владата на РСМ има најголем процент вработени Роми, односно 3 %. Родовата нееднаквост е очигледна и во овој случај, при што Ромките се застапени со 27 % наспроти 73 % Роми. По спроведениот мониторинг, центрите за социјална работата (2,65 %) се втори по вработеност на Роми, по институциите на Владата на РСМ (3,12 %). Кај центрите за социјална работа предничи родовата застапеност, при што 42 % од вработените Роми се жени, наспроти 58 % мажи. Иако постои огромна потреба за вработување Роми во центрите за вработување заради подобар пристап и информирање на припадниците на ромската заедница, сепак, во нив се вработени само двајца Роми, и тоа во центрите во Гостивар и во Неготино. Од вкупно 166 мониторирани институции во кои се вработени 2.782 лица на раководни позиции, само 6 се Ромки.

# Препораки

- Поттикнување на високообразованите кадри на Ромки да работат во државните институции, особено на раководни позиции, преку транспарентен процес на регрутација, обуки за напредок во кариерата и слично, со цел да бидат директно вклучени во процесите на создавање политики и програми што ќе ги опфаќаат Ромките;
- Постојано следење и мониторинг на вработувањето на помалите етнички заедници од страна на Владата на Република Северна Македонија и клучните институции, при што ќе се воспостави механизам за следење и проверка на злоупотребата на податоци при пријавување на припадници од други заедници на огласи наменети само за Роми;
- Да се олеснат критерумите при вработување во државните институции, при што ќе се внимава на правичната застапеност на помалите заедници, не злоупотребувајќи го притоа декларирањето и припадноста на одредена заедница;
- Да се воспостави систем и механизам за еднаква родова застапеност при вработувањето во државните институции, со цел да се намали јазот.

www.hera.org.mk